Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-316/4
17.06.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-316/1 од 19.3.2026 година поднесена од група вработени во ------------ за извршена дискриминација во остварување на права од работниот однос, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) на седницата одржана на 28.05.2026 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи сторени од страна на ------------ врз група на вработени.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-316/1 од 19.03.2026 година, поднесена од страна на група вработени за сторена дискриминација и нееднаков третман во областа на работата и работните односи од страна на -------------.

Во дадената претставка, подносителите на претставката кои се или биле вработени во ------------ наведуваат дека им е ускратено правото на исплата на јубилејна награда. Според наводите согласно Колективниот договор на работодавачот, вработените имаат право на јубилејна награда, бидејќи ги исполниле условите (навршени години стаж ) дел од нив уште во 2019, 2020и 2021 година, а работодавачот одбива да им го исплати ова право. Во текот на 2026 година, ------------ донел одлука и извршил исплата на јубилејни награди само на една група на вработени (кои се стекнале со тоа право од 2021 година) додека тие, кои според наводите се во иста или идентична правна ситуација, свесно ги изоставиле од исплатата. |Со ваквиот селективен пристап сметаат дека работодавачот ги става во понеповолна положба во однос на нивните колеги, што претставува повреда на начелото на нееднаквост и дискриминација во работните односи согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Поради наведеното бараат од Комисијата да покрене постапка, да изврши увид во документацијата на ------------ и да донесе мислење со кое ќе утврди дека е извршена дискриминација врз група вработени.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 20.04.2026 година испрати Известување бр. 08-316/3 за произнесување по наводите од претставката до -------------.

На ден 15.05.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на -------------, заведен под бр. 08-316/3.

Во произнесувањето во врска со наводите во претставката доставена од страна на група вработени, во која подносителите наведуваат дека се вработени во ------------ со долгогодишен работен ангажман (стаж) од над 20 и 25 години" и со претставката укажуваат „на извршена дискриминација во остварување на правата од работен однос, поточно правото на исплата на јубилејна награда", ------------ известува дека од страна на Друштвото, на 07.08.2025 година донесена е Одлука за исплата на јубилејна награда за непрекината работа во Друштвото бр. ---------. Согласно член 3 од цитираната одлука, „исплатата на јубилејните награди за непрекината работа за навршени 10,20 и 30 години се врши согласно листата на вработени кои ги исполнуваат условите наведени во член 1 од оваа одлука според електронскиот систем на Друштвото". Дополнително, постапувајќи по поднесена пријава од страна на Сојузот на синдикатите на Македонија од 11.08.2025 година со наводи дека работодавачот ------------- на дел од работниците им нема исплатено јубилејна награда за 10, 20 и 30 години, Државниот инспекторат за труд на 13.10.2025 година донел Решение ИП1 бр. ----------- за изрекување на опомена за спроведување на Одлука за исплата на јубилејна награда за непрекината работа во Друштвото бр. --------- од 07.08.2025 година, по што со Записник за извршен контролен инспекциски надзор ИП1 бр. --------- од 11.02.2026 година Државниот инспекторат за труд утврдил дека работодавачот на вработените кои го исполниле условот им исплатил јубилејни награди за непрекината работа за навршени 10, 20 и 30 години во Друштвото. Притоа наведуваат дека исплатата на јубилејните награди за непрекината работа за навршени 10, 20 и 30 години на вработените во ------------, како право на вработените кое навистина го предвидува Колективниот договор на Друштвото е извршена врз основа на податоци преземени од електронскиот систем на Друштвото, а особено имајќи предвид дека за истата е извршена и контрола од страна на Државниот инспекторат за труд. Поради наведеното сметаат дека останува нејасно на каква „иста или идентична правна ситуација" мислат подносителите кога наведуваат дека се „свесно" изоставени од исплатата. Имено, покрај тоа што подносителите во својата претставка не само што не ја појаснуваат дискриминаторската основа на која го засноваат своето тврдење дека „ работодавачот ги ставил во понеповолна положба во однос на нивните колеги", туку не доставуваат било какви докази дека Друштвото, постапувајќи во рамките на својата надлежност, преземало некакви дискриминаторски дејствија против нив. Од друга страна, самата „Последна опомена пред поднесување пријава до Државниот Инспекторат за Труд и тужба за Дискриминација" доставена до Друштвото на 24.02.2026 година и доставена како прилог на Претставката за утврдување на

дискриминација и нееднаков третман во работен однос бр. 08-316/1 претставува допис на кој дополнително се прикачени потписи на лица кои повеќе не се вработени во Друштвото, лица на кои им е исплатена јубилејна награда, како и лица кои самите имаат изјавено дека се потпишани за сосема различно барање, што ја прави предметната претставка крајно неоснована и во најмала рака тенденциозна.

Земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите факти и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ------------ **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација и нееднаков третман, ценејќи го фактот дека подносителите не воспоставиле каузална врска помеѓу дискриминаторска основа и дејствијата со кои тврди дека биле дискриминирани, односно не го прецизирале основот на дискриминација врз кој сметаат дека се дискриминирани. Во смисла на претходно наведеното, подносителите не се повикуваат на конкретен „личен статус" поради кој сметаат дека биле третирани понеповолно од лицата кои се наоѓаат во споредлива ситуација како нив-во конкретниот случај останатите вработени во Друштвото. Комисијата укажува дека не секое различно постапување или евентуална повреда на право од работен однос претставува дискриминација. За постоење дискриминација потребно е различниот третман да биде поврзан со некоја од заштитените основи утврдени во член 5 од Законот.

Комисијата ја имаше во предвид и околноста дека во врска со исплатата на јубилејните награди бил спроведен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, кој утврдил дека се исполните обврските согласно донесеното решение.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ------------ врз група на вработени.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
-Подносителите
- -------------